REPUBLIKA E MAQEDONISË/РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА/REPUBLIC OF MACEDONIA
UNIVERSITETI I TETOVËS / УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО / UNIVERSITY OF TETOVO
zyraperarsim@unite.edu.mk, Tetovë, 1200

Врз основа на членот 103 од Законот за високото образование на РСМ („Службен весник на РМ“, бр. 82/’18, Статутот на Универзитетот во Тетово, Правилникот за уписни критериуми на прв циклус студии и Правилникот за ЕКТС-системот за трансфер на кредити, Одлуката од седницата на Ректорската управа бр. 02-1089/1 од 3.7.2025 година и Конкурсот за запишување студенти во академската 2025/'26, Универзитетот во Тетово објавува:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**за трансфер и упис на студентите на факултетите и академските единици на Универзитетот во Тетово во зимскиот семестар од академската 2025/'26 г.**

**I. Трансфер се врши на сите активни студиски програми:**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1** | Економски факултет | **8** | Факултет за физичка култура |
| **2** | Правен факултет | **9** | Факултет за применети науки |
| **3** | Природно-математички факултет | **10** | Факултет за прехранбена технологија и исхрана |
| **4** | Факултет за медицински науки | **11** | Факултет за бизнис администрација - Куманово |
| **5** | Филолошки факултет | **12** | Педагошки факултет |
| **6** | Филозофски факултет | **13** | Факултет за земјоделство и биотехнологија |
| **7** | Факултет за уметности | | |

**II. Услови за трансфер во рамките на УТ:**

**А. Трансфер во рамките на УТ:**

**1.** Право на трансфер на студиите во рамките на постоечките академски единици и студиските програми на УТ имаат сите студенти на УТ, според условите и критериумите одредени со Правилникот за студии.

1.1 Право на трансфер на Факултетот за медицински науки, на студиските програми: Општа медицина, Дентална медицина и Фармација, имаат сите кандидати/студенти кои доаѓаат од студискиата програма по биологија кои што успешно ги положиле предметите по хемија и биологија.

**2.** Трансферот на студиите се врши само на активните студиски програми, односно во активните семестри во кои се реализира студиската програма.

**3.** По реализација на ЕКТС-трансферот, студентот при запишувањето на програмата во која се трансферира, има обврска да се отпише од програмата од којашто се трансферира, според природата на студиската програма и начинот на студирање (редовни).

**4.** Право на трансфер во рамките на единиците на УТ имаат студенти/кандидати кои имаат завршено најмалку еден семестар.

**5.** Трансферот на ЕКТС-кредитите може да се направи и во насоките во рамките на иста студиска програма и помеѓу програмите на различни студии во рамките на иста студиска програма. Разликите и сличностите на предметите ги утврдуваат ЕКТС-координаторот на факултетот и комисијата за трансфер и регистрација.

**6.** Комисијата за трансфер и упис утврдува дали природата на студиската програма од која се префрла кандидатот е соодветна за соодветната програма.

**7.** Трансфер на кредити можат да вршат и студенти кои ги завршиле студиите во согласност со Правилникот за трансфер на кредити.

**Б. Кандидати/студенти од други универзитети:**

**1.** Право на трансфер од други високообразовни институции во РСМ и странство, на една од постоечките академски единици на УТ, имаат сите кандидати кои запишале или завршиле (слушале) најмалку еден семестар во друг универзитет од каде што доаѓат, а останатите обрвски ќе ги реализира соодветно статусот на трансферот.

**1.1.** На студиските програми *Општа медицина, Дентална медицина и Фармација*, имаат право да аплицираат само кандидати од истите студиски програми.

**2.** При апликација задолжително кандидатот доставува доказ за акредитација на високообразовната установа, односно факултетот или програмата од каде што се врши трансферот или дополнителни документи во зависност од барањето на комисијата за трансфер и упис (силабуси).

**3.** Доказ за нострификација на дипломата од средното образование и потврда за екваленција на оценките од Министерство за образование и наука на РСМ (странски државјани и државјани на РСМ со средно во странство со различен систем на оценување).

**4.** Студентот може да изврши трансфер на еден од постоечките факултети и во иста или слична студиска програма или насока со факултетите и студиските програми на УТ. Сличноста ја определува комисијата за трансфер и упис на факултетот.

**5.** Комисијата на единицата за трансфер и упис, утврдува дали природата на студиската програма од која се префрлува кандидатот е соодветна за соодветната програма.

**Ц.** Кандидатите кои се трансферират, се запишуваат со кофинансирање на студиите, односно според актуелните тарифи за студиските програми во академската 2025/26.

**Д.** На студиски програми каде што според Конкурсот за трансфер и упис има приемен испит (контрола на талентот), кандидатите кои се пријавуваат за трансфер на кредити, имаат обврска да полагат приемен испит во одредените предмети.

**Е**. Ако бројот на кандидатите е поголем од слободните места во студиската програма, тогаш имаат предност тие со поголем просечен успех. Комисијата може да утврди и дополнителни критериуми за селекција**.**

***Х. Запишување на предметите кои не се признаваат при трансферот се врши во континуитет според активните студиски програми врз основа на предусловите меѓу предметите. Во текот на еден семестар дозволено е запишување на предмети до 35 ЕКТС. Статусот на семестарот се одредува во зависност од признавањето на кредитите, додека студентот ги запишува непренесените предмети по редослед според одлуката за трансфер.***

**III. Рокови за аплицирање за трансфер и упис на студентите на зимски семестар 2025/'26:**

| **РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОНКУРСОТ ЗА ТРАНСФЕР И УПИС НА СТУДЕНТИ – 2025/'26** | |
|---|---|
| Пријавување на кандидатите (пријава во администрација) | **25.08 -12.09.2025** |
| Донесување прелиминарни одлуки за прием на кандидатот (Прелиминарнита одлука ќе биде доставена на е-адресата, преку истата со која кандидатот аплицирал) | **17.09.2025** |
| Приемен испит (само за одредени програми) | **13.09.2025** |
| Донесување конечни одлуки | **48 часа по прелиминарната одлука** |
| Запишување на кандидатите* | **22.09 - 26.09.2025** |

*** КАНДИДАТИТЕ КОИ НЕМА ДА ГО ЗАПИШАТ СЕМЕСТАРОТ ВО ОДРЕДЕНИОТ ПЕРИОД, ЌЕ ГО ИЗГУБАТ ПРАВОТО ЗА ТРАНСФЕР НА ЕКТС-КРЕДИТИТЕ.**
*** Кандидатот кој ќе ги пријави семестарот и предметите, статусот на трансфер се смета за конечен и не може да се корегира.**

**IV. Потребна документација за апликација:**

**1. Кандидатите го пополнуваат онлајн формуларот на веб-страницата: apply.unite.edu.mk. По аплицирањето во електронскиот систем, кандидатите треба да ги доставaт документите до администрацијата во наведениот рок:**

***А. По онлајн апликацијата, во нивната е-пошта кандидатите добиваат потврда и линк за активирање на профилот на апликантот, од каде што ги следат сите фази на преглед на документите, резултати и регистрација.***

**2. При пополнување на формуларот, кандидатите мора да ги прикачат документите (attach) скенирани или како фотографии (скенирањата или фотографиите мора да бидат читливи и да го содржат целосниот документ со сите податоци од двете страни на листот).**

- **оригинал на уверението за оценките и индексот** од матичниот универзитет (ако има положени испити или универзитетот дава индекс);
- **оригинални свидетелства** од средно образование (или нотаризирани на нотар) и **диплома** за завршено средно образование.
- **извод од матичната книга на родените и Уверение за државјанство**;
- Кандидатите со средно образование надвор од РСМ и свидетелство за оценки издадени од универзитети надвор од РСМ, мора да извршат нострификација и еквивалентност на

оценките за средното образование за делумно признавање на образованието во Министерството за образование и наука на РСМ.

- Кандидатите кои се трансферират надвор од Универзитетот во Тетово, задолжително треба да доставаат доказ за акредитација на студиската програма.
- **Потврда за уплатени:**
- **1050 денари** на жиро-сметката на Универзитетот на име на административни трошоци;
- **600 денари** за приемен испит (Општа медицина, Дентална медицина, Фармација, Уметности, Физичка култура и здравство, Аркитектура, Предучилишно воспитување и Одделенска настава).

Примените кандитати (по објавување/донесување на конечната одлука), во предвидениот рок треба да реализираат запишување на студиите, во спротивно одлуката за трансфер нема да важи.

**V. Запишувањето по постапката за трансфер:**

1. Кандидатите кои се согласуваат со одлуката за трансфер, мора во предвидениот рок да го регистрират семестарот преку електронскиот профил за апликација што го добиле во е-поштата од која аплицирале.
   a. Прво се врши онлајн регистрација и потоа документите подолунаведени се доставуваат до администрацијата.
   b. По фазата на регистрација, на студентот се креира официјална е-адреса со која го активира студентскиот профил и ги регистрира непренесените предмети. Нивото на семестарот се одредува во системот по отворањето на електронскиот профил на студентот.
2. решение или исписница на студиите од матичниот факултет од каде што се врши трансферот;
3. три фотографии (две 6x9 цм и една 4x5 цм);
4. доказ за уплатените средства:

- **100 денари** на жиро-сметката на Студентскиот парламент 240190104749495 (банка на примач: Уни банка Ад Скопје): на име на Студентскиот парламент на Универзитетот во Тетово (СПДУТ);
- **1200 денари,** на жиро-сметката на Универзитетот: на име на издавање индекс;
- **750 денари,** на жиро-сметката на Универзитетот на име спортски, културни, информациски и информативни дејности на студентите на Универзитетот;
- **6000 денари**, на жиро-сметката на Универзитетот: на име: трошоци за трансферот.
- **уплатница за семестар.**

**Сите горенаведени уплати да се реализираат** на жиро-сметката на Универзитетот, на следниот начин:

**Плаќања од Република Северна Македонија / online: https://epay.unite.edu.mk/ или**

- Плаќањето може да се реализира и од банкарските електронски апликации со формулар ПП50 или уплатница во банка/пошта.
- Уплатницата од апликацијата или уплатница во банка, треба да биде на име на студентот:
- во „**назив на примачот**“ - Универзитет во Тетово,
- во „**банка на примач**“ - Народна банка на Р. Северна Македонија,
- во „**сметка**“ – **100000000063095**,
- во „**износ**“ – износот на финансиските средства што треба да се уплатат,
- во „**сметка на буџетски корисник – единка корисник**“ – **1600160054 788 10,**
- во „**приходна шифра и програма**“ – **723019 43**, а во „начин“ – 2.
- во „**цел на дознака**“ - целта на уплатата (пример: апликација, семестар и др.)
- Во случај кога плаќањата преку банкарските апликации ги изврши друго лице за конкретниот студент, во оваа колона (цел на дознака), го запишува името на студентот за кој се извршува уплатата (пример: апликација: Име и презиме).

**Плаќањето од странство: https://epay.unite.edu.mk/**
**NATIONAL BANK OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**
**NAME: UNIVERZITET VO TETOVO**
**IBAN: MK07 1007 0100 0066 227**
**SWIFT BIC: NBRM MK 2X**

**http://www.unite.edu.mk, Тетово, Јули 2025**